Здружение-Центар за истражувачко новинарство
СКУП-МАКЕДОНИЈА
Бр. 0307-2276
27.12.2019 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕ-ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО СКУП-МАКЕДОНИЈА

**1.1.2019-31.12.2019**

## ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија ја заокружува 2019 како уште една успешна година. Имено, СКУП во текот на 2019 година финишираше дел од проектите, но и го прошири своето професионално портфолио со нови проекти на регионално ниво.

Конкретно, во текот на 2019 година, СКУП стана дел од регионалниот проект „Робин Худ", имплементиран од невладината организација „35мм" од Црна Гора. Проектот се имплементира во периодот од 1.09.2019 година до 1.06.2020 година. Се состои од реализација на серија документарни филмови за социјални теми и проблеми на граѓаните со институциите, како и констатирање на системски грешки. Документарните филмови е планирано да се емитуваат на националните сервиси во повеќе земји од регионот, како Србија, Црна Гора, Косово и Босна и Херцеговина.

Воедно, СКУП продолжи со имплементација на тригодишниот проект поддржан од Европската унија "Заедно во борбата против корупцијата", кој се состои од реализација на серија активности во насока на обелоденување на работата на Државното правобранителство,

за што во рамките на овој проект се реализираат серија истражувачки стории, потоа работилници, обуки, а беше изработен и Прирачник за новинарите со правни термини. Проектот трае од 01.01.2018 година до 30.04.2021 година, во вредност од 372.697 евра. Другиот проект, кој е меѓународен и дел од Еразмус програмата се фокусира на коруптивни практики во спортот. Насловен е како: „ Against match fixing - European Research & Education Program, а во него се вклучени 8 партнери, меѓу кои невладини организации, како и универзитети од повеќе европски земји. Проектот трае од 1.01.2018 до 31.12.2019 година во вкупна вредност од 399,895 €.

Исто така, во текот на 2019 година, СКУП го реализираше проектот "Функционери на дланка-транспарентност на политички експонираните личности", поддржан од Американската амбасада во Скопје. Проектот траеше од 15.08.2018 година до 01.09.2019 година, со вредност од 22.000 $. Со помош на овој проект СКУП создаде веб платформа каде се прикажуваат лични податоци за имотната состојба, како и други податоци од типот на бизниси, судски пресуди, плата и слично. Платформата може да се види на: pep.scoop.mk

Овој проект се надогради со помош на поддршката од проектот "Промовирање отчетност преку истражувачко известување", кој е започнат уште на 1.06.2019 година, а ќе трае до 31.05.2020 година, во вредност од 45.000 $. Во рамките на овој проект СКУП ја надоградува постоечката веб платформа pep.scoop.mk со прикажување на лични податоци за градоначалниците, во однос на нивната имотна состојба, како и други податоци од типот на бизниси, судски пресуди, плата и слично.Проектот е поддржан од National Endowment for democracy, донатор со кој соработуваме веќе шестта година по ред.

Поради зголемениот обем на работа на организацијата, варираше бројот на ангажирани лица. Во текот на 2019 година СКУП имаше 4 вработени лица, со тенденција овој број на лица да се зголеми во иднина, доколку тоа го дозволуваат проектните активности и салдото на организацијата која има планови да се „поднови" со млад кадар. Годината ја завршуваме

со 25 ангажирани хонорарни лица по разни основи, како и двајца волонтери кои помагаа во активностите на СКУП.

СКУП годинава успеа да го зголеми бројот на донатори за еден, со кој се надеваме дека ќе продолжиме да работиме и понатаму.

Најзначајната промена на СКУП во претходната година беше зајакнувањето на административните и финансиските капацитети на организацијата која од примател, стана и давател на грантови преку процесот на регрантирање во рамките на проектот "Заедно во борбата против корупцијата".

Во текот на целата година СКУП одржуваше редовни состаноци на членството и конституентите со цел да ги запознае со својата работа. Ги направивме сите неопходни подготовки околу стратешкото планирање на организацијата во наредниот период.

Како секоја, така и оваа, претходна година, СКУП-Македонија, согласно законските прописи на својата веб страница www.scoop.mk редовно ги објавува финансиските и наративните извештаи. Исто така, СКУП на својата веб страница www.scoop.mk ги објавува и сите други документи важни за работата на организацијата.

СКУП го промовира Правилникот за професионални и етички стандарди на секој наш нов член или конституент.

И годинава, како и претходната година, СКУП анимира волонтери и млади новинари со цел да се придружат на нашата работа. Во текот на 2019 година, во СКУП со волонтерска работа се приклучија две нови студентки, а една од нив стана наш редовен член, приклучувајќи се преку конкретни проектни активности.

Исто така, практикуваме и директни средби со студентите кои евентуално би сакале да ни се приклучат. Праксата на анимирање на студенти/волонтери СКУП ќе ја практикува и понатаму, како преку волонтерската работа која ја оствaруваме преку предавања на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, така и преку други предавања каде се среќаваме со младите новинари/студенти.

**ВМРЕЖУВАЊЕ**

Во текот на годината, СКУП ги интензивираше контактите со невладините организации со кои досега не сме соработувале поактивно. Соработката со невладините организации се интензивираше преку проектот „"Заедно во борбата против корупцијата", поддржан од ЕУ, преку кој се поддржани 10 организации, меѓу кои Здружение за еколошко одржлив развој Зелен Институт Скопје; Полио плус-движење против хендикеп; Здружение Мултикултура; Здружение за социјални иновации и одржлив развој РАДАР; Здружение за афирмација на мултимедијална уметност ИН-ВИ ИДЕА, Гостивар; Здружение на граѓани Сведок Скопје; Здружение на граѓани Медиа Плус, Здружение Ромски Деловен Информативен центар на Македонија; Здружение за локален и рурален развој и Центар за социјални иновации БЛИНК 42-21.

Со овие организации кои се поддржани во рамките на проектот преку регрантирање, СКУП во следниот период ќе ја интензивира соработката која ја почнавме во текот на 2019 година преку реализација на горенаведениот проект.

Воедно, СКУП во текот на 2019 година стана членка на Платформата за борба против корупцијата во која членуваат повеќе невладини организации од државава. Преку платформата се иницираат законски измени, како и се изработуваат анализи и се организираат настани во насока на борбата против корупцијата и подобрување на транспарентноста и отчетноста на државните институции.

Исто така, во текот на 2019 година ја продолживме соработката со регионалните организации, предводени од CEELI институтот во Прага, во рамките на неформалната мрежа на организации чиј фокус се дата новинарство во контекст на правните аспекти на следењето на работата на политички експонираните личности.

Исто така, во рамките на проектот за корупција во спортот ги проширивме нашите контакти со високообразовните институции од регионот и светот.

**ОБУКИ/РАБОТИЛНИЦИ**

Во текот на 2019 година, членовите на СКУП учествуваа на серија работилници и обуки.

Ана Павловска-Неделковска учествуваше на 24-25.01.2019 година на Обука за јавни набавки по правила на ЕУ организирана од Европска развојна агенција.

Во периодот од 30-31 Септември 2019 година, Жаклина Хаџи-Зафирова учествуваше на Обука за медиумска писменост организирана од страна на Македонски институт за медиуми во просториите на институтот.

Во периодот од 2-6 Октомври 2019 година Горан Лефков учествуваше на тренинг Empowering investigative journalism која се одржа во Загреб.

Во периодот од 31.09-2.10.2019 година, Ангела Рајчевска, Бјанка Станковиќ и Љубица Иванова учествуваа на Интернационалниот филмски фестивал кој се одржа во Скопје.

Во периодот од 18-19. 10. 2019 година Ангела Рајчевска и Бјанка Станковиќ учествуваа на работилница на ЗНМ.

Во периодот од 1-3 Ноември 2019 година, Жаклина Хаџи-Зафирова учествуваше на обука во рамките на проектот „Зелени фондови во зелени области", спроведуван од Рома центарот за демократија од Бујановац, Р.Србија и Зелен Институт од Северна Македонија.

Во периодот од 27-29 ноември 2019 година Александар Божиновски и Жаклина Хаџи-Зафирова во Охрид присуствуваа на Средбата за вмрежување на невладините огранизации, организирана од Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Еден од позитивните резултати во однос на подобрување на квалитетот на содржините на СКУП е и техничката обука на младите новинари на СКУП со што сториите добија визуелизација и благодарение на тоа привлекуваат поголема публика.

Во последно време помладите членови на СКУП практикуваат мобилно новинарство, преку што снимаат филмови и изработуваат видеа, кои наидуваат на позитивен одзив кај публиката.

Планираме во наредниот период да набавиме опрема со што младите новинари ќе можат да ги усовршуваат своите техники за мобилно новинарство и преку него ќе можат да прикажуваат визуелни содржини.

Во овој квартал СКУП продолжи со практиката на обука на младите кадри за промоција на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Го обучуваме младите студенти како полесно да ги совладуваат пречките на кои наидуваат во процесот на реализација на истражувачките стории. Воедно, сознанијата на граѓаните со кои се среќаваме во процесот на изработка на истражувачките стории ги користиме за да поставиме прашање во форма на Барање до институциите по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ИЗРАБОТКА НА СТОРИИ**

СКУП и годинава што изминува продолжи со процесот на изработка на ТВ документарци и пишани истражувачки стории, чиј фокус беше борбата

против корупцијата, но и подобрување на работата на националните и локалните институции преку промовирање на добри практики.

Во процесот на предистражување и истражување на сториите, СКУП ги користи граѓаните, како и невладините организации, како и документи и бази на податоци. За секоја истражувачка сторија на која ја работиме, разговараме со најмалку еден граѓанин кој понекогаш е и анонимен извор, но неговите сознанија понатаму ги користиме за да поставуваме Барања по слободен пристап на информации од јавен карактер.

Секоја истражувачка сторија на СКУП-Македонија се темели на сознанија на граѓани и/или невладини организации, како и на јавно достапни документи и информации.

СКУП, пред изработка на секоја сторија, одржува редовни состаноци со сите вклучени во изработка на сторијата со цел да се направи предистражување, да се соберат сите неопходни податоци и материјал и да се консултираат сите засегнати страни. При изработката на сториите секогаш се обидуваме да ја вклучиме и соодветната граѓанска организација која е засегната или вклучена во конкретното прашање, а исто така и консултираме експерти.

Во сите истражувачки стории изработени во текот на 2019 година учествуваа најмалку пет новинари и медиумски работници. Се надеваме дека бројката на нови членови на СКУП ќе се зголеми во следниот период.

СКУП во текот на реализација на истражувачките стории пристапува со почит и доверба кон секој граѓанин кој пристапува кон СКУП. Ние, како организација им го заштитуваме идентитетот доколку е тоа потребно.

Во текот на 2019 година СКУП реализираше над 30 видео и пишани истражувачки стории и содржини. Многу од овие стории имаа силен одек во јавноста, предизвикаа реакции од надлежните или пак предизвикаа јавни дебати за одредена проблематика. Сториите се реобјавени во голем број пишани или електронски медиуми.

СКУП-Македонија во изминатиот период ја истражуваше работата на повеќе државни институции преку серија на пишани и видео ТВ истражувачки стории/документарци. Па така, ја истражувавме работата на министрите, општините, пратениците, а опсервиравме и проблеми од пошироко граѓанско значење.

Од сториите би ги издвоиле следниве:

-„За скопските татковци централниот плоштад е приватна нива"- истражувачка сторија во која откриваме колку и што е сторено со градскиот централен плоштад во последните 20 години од страна на досегашните градоначалници.

-потоа, истражувачките стории кои побудија огромен интерес во јавноста се следните, во кои пишувавме за имотот на функционерите:

-„Владини функционери поседуваат акции во големи компании"

-„Пратениците со акции во различни фирми"

-„Пратеници-бизнисмени не ги пријавиле фирмите во ДКСК"

-„Едни фирми шијат, други кешираат"-сторија за добростоечки фирми кои најчесто добиваат на тендери

-„Потрошени милиони, а чист воздух се уште нема"-истражувачка сторија за тоа колку се одвојува од државниот буџет за загадувањето, а од друга страна колку и за што се трошат овие пари

-„Матни милионски тендери за водоводна опрема"-истражувачка сторија која ја открива спрегата во бизнисот со водоводна опрема

-„Десетте најбогати градоначалници тежат 30 милиони евра

-„Општините потрошиле милиони евра за репрезентација, Струмица рекордер"

Се на се, практично СКУП отвори многу теми кои во јавноста наидоа на силен одек во јавноста, посебно теми кои се однесуваат на откривањето на имотот на функционерите.

Секоја истражувачка сторија во просек се реобјавува на најмалку 5 интернет портали : plusinfo.mk; libertas.mk; lokalno.mk; dokaz.mk; kanal77.mk; almakos.com; portalb.mk; shtegu.com; reporter.mk; duma.mk; novatv.mk, како и на странски медиуми, како Балкан Инсајт и Глобал Воисес..Воедно, дел од сториите (во рамките на проектот „Подигнување на јавната свест за корупцијата преку истражувачко известување") се реобјавуваат и на електронските медиуми.

**УЧЕСТВО НА ФОРУМИ/ДЕБАТИ**

Претставниците на СКУП учествуваа на серија форуми и дебати во текот на 2019 година.

Колегата Џељаљ Незири беше активен учесник на телевизиските дебати на скоро сите национални телевизии (Телма, Алсат, Сител, Канал5, Тв24, Тв21, Клан Македонија), а исто така и во Косово (клан Косово, Коха Визион) и Албанија (ТВ 24њјуз, А2 СНН), додека со изјави за актуелните збиднувања беше присутен во скоро сите традиционални и онлајн медиуми.

Претседател на Здружение
Центар за истражувачко новинарство
Зоран Иванов

Скопје,
26.12.2019 г.

Здружение Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

***Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија Скопје***
***Ул.11-ти ОКТОМВРИ 30-1-1-2***
***ЕДБ 4043011507862***

# ***ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ***
# ***за период 01.01.2019-31.12.2019***

## А: *БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

| | | |
|---|---|---|
| **I:** | ***Приходи*** | |
| 1 | *Приходи од донации* | ***174,775.00 ден.*** |
| 2 | *Приходи од проекти грантови* | ***11,823,274.00 ден.*** |
| 3 | *Приходи од позитивни курсни разлики* | ***4,436.00 ден.*** |
| 4 | *Пренесен вишок од минатата година* | ***1,077,120.00 ден.*** |
| | ***Вкупни приходи:*** | ***13,079,605.00 ден.*** |

| | | |
|---|---|---|
| **II:** | ***Трошоци*** | |
| 1 | *Трошоци за административни такси* | ***750.00 ден.*** |
| 2 | *Трошоци за потрошени канцелариски и др. материјали* | ***24,321.00 ден.*** |
| 3 | *Трошоци за потрошена вода* | ***2,809.00 ден.*** |
| 4 | *Трошоци за потрошена ел. Енергија* | ***16,418.00 ден.*** |
| 5 | *Трошоци за потрошена топлинска енергија* | ***19,319.00 ден.*** |
| 6 | *Трошоци за одржување на простории* | ***4,500.00 ден.*** |
| 7 | *Трошоци за изнајмување на простор* | ***203,364.00 ден.*** |
| 8 | *Трошоци за телекомуникациски услуги* | ***101,107.00 ден.*** |
| 9 | *Трошоци од отпис на ситен инвентар* | ***7,273.00 ден.*** |
| 10 | *Трошоци за опрема* | ***524,336.00 ден.*** |
| 11 | *Трошоци за агенциска провизија* | ***8,371.00 ден.*** |
| 12 | *Трошоци за маркетинг услуги* | ***2,275.00 ден.*** |
| 13 | *Трошоци за останати услуги* | ***1,110.00 ден.*** |
| 14 | *Трошоци за сметководствени услуги* | ***25,700.00 ден.*** |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Трошоци за адвокатски и нотарски услуги | **102,242.00 ден.** |
| 16 | Трошоци за видео записи | **209,146.00 ден.** |
| 17 | Угостителски услуги по проектни активности | **17,355.00 ден.** |
| 18 | Патни трошоци за проектни активности | **81,915.00 ден.** |
| 19 | Трошоци за бруто плати | **2,281,158.00 ден.** |
| 20 | Трошоци за услуги по договор за дело | **929,199.00 ден.** |
| 21 | Трошоци за авторски хонорари | **287,848.00 ден.** |
| 22 | Трошоци за здравствени прегледи на вработените | **4,000.00 ден.** |
| 23 | Трошоци за банкарска провизија | **58,045.00 ден.** |
| 24 | Негативни курсни разлики | **18,484.00 ден.** |
| 25 | Пренесени средства на други субјекти согласно програмски активности | **5,296,146.00 ден.** |
| **Вкупни трошоци:** | | **10,227,191.00 ден.** |
| **Наменски средства за 2020 година** | | **2,852,414.00 ден.** |

## Б: Биланс на состојба на 31.12.2019

## I: Средства

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Нетековни сердства | **845,645.00 ден.** |
| 2 | Парични средства -Денарска сметка | **2,834,633.00 ден.** |
| 3 | Други парични средства-Мастеркард | **17,291.00 ден.** |
| 4 | Побарувања за аванси | **2,407.00 ден.** |
| 5 | Побарувања од државата за повеќе платен данок | **489.00 ден.** |
| 6 | Депозит за наемнина | **16,605.00 ден.** |
| 7 | АВР-Пресметани трошоци | **817.00 ден.** |
| **Вкупни средства:** | | **3,717,887.00 ден.** |

## II: *Обврски и деловен фонд*

| | | |
|---|---|---|
| 1 | *Обврски кон добавувачи* | ***19,011.00 ден.*** |
| 2 | *Обврски за даноци* | ***817.00 ден.*** |
| 3 | *Наменски средства за 2020 година* | ***2,852,414.00 ден.*** |
| 4 | *Деловен фонд* | ***845,645.00 ден.*** |
| | ***Вкупно обврски и деловен фонд:*** | ***3,717,887.00 ден.*** |

*Скопје, 29.02.2020*

-